Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes AdministrativedheInspektuese

Архивски знак ____
Рок на чување ____ год.
____ 20__ год.
Потпис

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-37**
**Датум: 30.05.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | | |
| Седиште/адреса на субјектот | | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 25.05.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 30.05.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 12.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / | | |


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e RepublikëssëMaqedonisësëVeriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Налог бр. 57-37 од 15.05.2022 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на корисникот физичко лице [redacted] од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а по Иницијативата бр. 21-5254/1 од 02.05.2023г., поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

[redacted], помошник-инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

**5)** Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 50.000 денари (од вкупно доделените 100.800 денари), согласно со Договорот бр.21-3609/3 од 14.06.2022г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019).

**6)** Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

Не се употребени листи за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**7)** За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од одговорното лице:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] | [redacted] | [redacted] |

**8)** За време на извршување на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица.

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

**9)** Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на корисникот - субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

**10)** Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 20-3743 од 11.11.2021 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2022 г. од областа на фолклорната, музичката и музичко-сценска дејност за 2022 година, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-3743/2021 од 02.03.2022 г., прифатен е проектот на „Песни низ годините"-Kenge nder vite, а за негова реализација доделени се средства во износ од 100.800 денари за категорија фолклорната, музичката и музичко-сценска дејност.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е договор бр.21-3609/3 од 14.06.2022г., со којштo одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од **100.800 денари**, наменети за реализација на проектот „Песни низ годините"- Kenge nder vite.

На 03.06.2022 година, корисникот [redacted] доставило Барање за исплата на средствата за проектот, бр. 21-3609/2 од 03.06.2022 г., со Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (по намена и износи), којштo е составен дел од Договорот, согласно со член 3 став (2) од Договорот со МК, како и изјава од [redacted] за наменско користење на средства. Во Оперативниот и финансиски план се предвидени средства за проектот од вкупно 100.800 денари и


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

тоа за: 1. Издавање на ЦД во износ од 40.000 денари; и 2.Продукција-снимање во износ од 60.800 денари.

-Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека од страна на корисникот не е постапено, односно не е доставен е Образец за наративен и финансиски Извештај.

- Со Решението за преведување на средства бр.21-3609/4 од 22.06.2022 г.„ од МК преку Авторската агенција Веда ДООЕЛ на корисникот [redacted] за проектот „Песни низ годините"- Kenge nder vite, му е исплатен прв дел од средствата бруто износ од **50.000 денари**, односно нето износ од 44.485 денари.

- При надзорот е констатирано дека до денот на надзорот корисникот [redacted] не го реализирал проектот во 2022 г., односно авансно преведените средства во износ од 50.000 денари, не се потрошени за реализација на проектот „Песни низ годините". Корисникот [redacted] за време на инспекцискиот надзор во прилог достави **Извод од сметка од 01.06.2022 година**, за префрлени средства во износ од 44.485 денари од Авторска агенција ВЕДА, како и **Уплатница од Стопанска банка од 30.05.2023 година, на износ од 44.485 денари**, со што авансно преведените средства се вратени во Министерството за култура, во Буџетот на РСМ.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице [redacted] :**

- **Проектот „Песни низ годините"- Kenge nder vite, не е реализиран односно авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, во износ од 50.000 денари (од одобрените 100.800 денари), согласно со Договорот бр.21-3609/3 од 14.06.2022г., за учество во финансирање на проект од национален интерес во културата од областа на фолклорната, музичката и музичко–сценска дејност за 2022 година, од**

**страна на корисникот не се потрошени наменски и истите средства се вратени во Буџетот на РСМ за време на инспекцискиот надзор, со што во прилог беше доставена Уплатница од Стопанска банка на износ од 44.485 денари.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзорот: | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>помошник инспектор | |
| Датум: | ___.05.2023 г. | Датум: | 26.05.2023 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

______________________________________________


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk